**ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА**

*„КРЕДИТ ШТО НАГРАДУВА“*

Согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри (Сл весник на РМ, број 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012 и 27/14), се утврдуваат следните правила на наградната игра:

**Член 1**

**ОРГАНИЗАТОР**

Организатор на наградната игра *„КРЕДИТ ШТО НАГРАДУВА“* (во понатамошниот текст “Наградна игра“) е Стопанска банка АД - Скопје, со седиште во Скопје, ул: 11 октомври бр. 7, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: ОРГАНИЗАТОР).

**Член 2**

**ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ**

Наградната игра има за цел рекламирање на производите за физички лица од понудата за потрошувачки кредити: Потрошувачки кредит без обезбедување од Стопанска банка АД – Скопје.

**Член 3**

**ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Официјалното име на Наградната игра е *„КРЕДИТ ШТО НАГРАДУВА “.*

Наградната игра ќе започне од **12.11.2016 и ќе трае до 31.01.2017 година**.

**Член 4**

**ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

Квалификувани за учество во Наградната игра се сите полнолетни физички лица – државјани на Република Македонија (лица со и над 18 - годишна возраст), кои се корисници на производот за физички лица Потрошувачки кредит без обезбедување од ОРГАНИЗАТОРОТ, наведен во член 2, за поднесено барање за кредит во периодот од 12.11.2016 до 31.01.2017 година, а кои на денот на извлекување на наградата немаат повеќе од 30 дена достасани, а неподмирени обврски кон ОРГАНИЗАТОРОТ кои произлегуваат од користењето на горенаведените производи или други кредитни производи на Банката. Доколку биде извлечен добитник со повеќе од 30 дена неподмирени достасани обврски кон ОРГАНИЗАТОРОТ, истиот ќе биде дисквалификуван и ќе биде заменет со првиот од резервните добитници кој во целост ќе ги исполнува правилата на наградната

игра. Исто така, доколку биде извлечен добитник кој го користи потрошувачкиот кредит за консолидирање на обврски кон Банката или за рефинансирање на друг кредит, без користење на дополнителен износ на средства, истиот ќе биде дисквалификуван и ќе биде заменет со резервен добитник кој во целост ги исполнува правилата на наградната игра.

Право на учество во наградната игра немаат лицата вработени во Стопанска банка АД - Скопје (вклучувајќи ги и нивните потесни семејства, и тоа: родител, дете, брат, сестра и брачен другар/вонбрачен другар).

Лицата од ставот 1 од овој Член, за секое одобрено барање за кредит заклучно со 10.02.2017, а поднесено во периодот од 12.11.2016 до 31.01.2017 година, за производот (наведен во член 2), добиваат по една шанса за учество во Наградната игра.

За секое одобрено барање за кредит заклучно со 10.02.2017, а поднесено во периодот од 12.11.2016 до 31.01.2017 година, корисниците добиваат соодветен број на кредит по кој ќе бидат идентификувани и извлечени при извлекувањето.

**Член 5**

**ТЕРИТОРИЈА**

Наградната игра се организира за физички лица – корисници на потрошувачки кредит без обезбедување од Стопанска банка АД - Скопје, на територијата на Република Македонија.

**Член 6**

**ПОДАТОЦИ ЗА НАГРАДИ**

Во Наградната игра ќе бидат доделени следната награди:

| Вид на награда | Количина | Единечна цена (со ДДВ) | Вкупна цена (со ДДВ) |
|---|---|---|---|
| Вредносен ваучер од **120.000, оо ден** за патувања | 5 | 123.000,оо ден. | 615.000,оо ден |
| Вредносен ваучер од **30.750,оо ден** за фото/видео/IT опрема | 5 | 30,750,оо ден | 153.750,оо ден |
| Вредносен ваучер од **30.750,оо ден** за спортска опрема | 5 | 30,750,оо ден | 153.750,оо ден |

Вкупниот награден фонд со вклучен ДДВ изнесува 922,500.00 денари

**Член 7**

**МЕХАНИЗАМ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

Лицата од член 4 став 1, квалификувани за учество во Наградната игра, за секое одобрено барање за кредит заклучно со 10.02.2017, а поднесено во периодот од 12.11.2016 до 31.01.2017 година, добиваат исклучиво по една шанса за учество во Наградната игра.

**Член 8**

**ВЕРИФИКАЦИЈА НА КВАЛИФИКУВАНОСТ И ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Наградата ќе биде доделена само ако учесникот е квалификуван, има право на учество и ако целосно ги почитува Правилата на Наградната игра.

**Член 9**

**ДАНОЦИ, ЗАМЕНИ, ПРЕНОС И ОДГОВОРНОСТ КОН НАГРАДАТА**

ОРГАНИЗАТОРОТ е одговорен за сите даноци, надоместоци или одговорности поврзани со наградата, патни трошоци, вклучувајќи и персонален данок.

Наградата не се пренесува ниту се препишува пред претходно доделување на истата. Наградата не може да биде заменета за готовина.

**Член 10**

**КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

ОРГАНИЗАТОРОТ има право личните податоци на добитникот да ги користи во своите идни маркетинг активности по претходно добиена писмена согласност од страна на добитникот за користење на неговите лични податоци.

**Член 11**

**ОТКАЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

ОРГАНИЗАТОРОТ има право да ја откаже Наградната игра во било која фаза, по добивање на одобрение од Министерство за финансии со известување до јавноста преку дневниот печат, доколку настапи штетна последица предизвикана со кривично дело или поради делување на виша сила.

**Член 12**

**ОТСТРАНУВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ ЗА НАГРАДНАТА ИГРА КОИШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА НАСТАНАТ**

Евентуално настанатите спорови помеѓу ОРГАНИЗАТОРОТ и учесниците во Наградната игра ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 13**

**ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ**

Извлекувањето на наградите ќе се изврши на 15.02.2017 година, со почеток во 10:00 часот, во просториите на Стопанска банка АД - Скопје, на адреса ул. 11 октомври бр. 7, 1000 Скопје.

Добитниците на наградите ќе бидат извлечени автоматски, по принципот на случаен избор од страна на лице од Банката со помош на специјален софтвер изготвен за таа намена.

Извлекувањето на сите награди ќе се одвива, во присуство на комисија составена од тројца официјални претставници, и тоа:

1. Двајца претставници од Стопанска банка АД - Скопје.
2. Нотар од Република Македонија

При извлекувањето, ќе бидат извлечени 15 награди и 5 резервни добитници.

**Член 14**

**ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДАТА**

Добитниците на наградите ќе бидат објавени во рок од 3 дена од денот на извлекувањето на наградите во дневниот весник „Утрински весник“ како и на веб страната на ОРГАНИЗАТОРОТ www.stb.com.mk

ОРГАНИЗАТОРОТ ќе го извести добитникот за добиената награда телефонски преку КОНТАКТ ЦЕНТАРОТ на Банката, а доколку добитникот на наградата има дадено своја согласност, ОРГАНИЗАТОРОТ може да ги користи неговите лични податоци и во маркетинг цели.

Добитникот на наградата е должен во рок од 60 дена од денот на објавување на резултатите од наградната игра во дневниот весник „Утрински весник“ и на веб страната на ОРГАНИЗАТОРОТ www.stb.com.mk, да ја подигне наградата.

Со конечната реализација на наградата престануваат сите обврски на ОРГАНИЗАТОРОТ на Наградната игра кон добитникот.

**Член 15**

**ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Правилата на Наградната игра во целост ќе бидат објавени на веб страната на ОРГАНИЗАТОРОТ www.stb.com.mk, по добивањето на согласност од Министерството за финансии на Република Македонија, а пред почетокот на Наградната игра.

**Член 16**

**ПРАВО НА ПРИГОВОР**

Незадоволниот учесник во Наградната игра има право во рок од 3 дена од денот на објавување на добитниците на наградите да поднесе приговор во писмена форма до ОРГАНИЗАТОРОТ на Наградната игра, до Дирекцијата за Маркетинг и односи со јавност при Стопанска банка АД – Скопје, која е должна во рок од 5 (пет) дена од приемот на истиот писмено да одговори на добиениот приговор.

**Член 17**

**ЗАБРАНА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

Право на учество во наградната игра немаат лицата вработени во Стопанска банка АД – Скопје (вклучувајќи ги и нивните потесни семејства, и тоа: родител, дете, брат, сестра и брачен другар/вонбрачен другар).

Доколку извлечениот добитник е дел од оваа група на лица нема да има право на наградата и ќе биде заменет со првиот од резервните добитници кој ќе ги исполнува во целост правилата на наградната игра. Добитникот пред да ја подигне наградата ќе потпише потврда дека во своето најблиско семејство нема вработени од Стопанска банка АД – Скопје.

**Член 18**

**НАЧИНИ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАГРАДНАТА ИГРА**

За известување за Наградната игра ќе бидат користени следните средства:

1. Телевизиски спот
2. Рекламни пораки на веб страната на Стопанска банка АД - Скопје(www.stb.com.mk)
3. Рекламни пораки на радио,
4. Веб банери,
5. Постери и летоци поставени во филијалите на Стопанска банка АД – Скопје,
6. E-mail и смс маркетинг,
7. Социјални медиуми,

**Член 19**

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Со исполнување на Правилата за учество во Наградната игра корисниците ги прифаќаат одредбите од овие правила. Овие правила ќе се применуваат по добивање на согласност од Министерсвото за финансии на Република Македонија и по нивното јавно објавување, а ќе важат до завршувањето на Наградната игра, односно до завршувањето на рокот за подигнувањето на наградата.

**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

**УПРАВЕН ОДБОР**

**Милица Чапаровска**

**ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР ЗА**

**БАНКАРСТВО НА МАЛО**